Врз основа на чл. 20 и 43 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, согласно чл. 14 и 17 од Законот за Стопанската комора на Македонија (“Службен весник на РМ” бр. 89/2004), Собранието на Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 28 јануари 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на регионалните комори во рамките на Стопанската комора на Македонија

### Член 1

Во рамките на Стопанската комора на Македонија се организираат регионални комори, преку чие функционирање се обезбедува децентрализација на коморските задачи и активности и самостојно одлучување на членовите на Комората за работите и задачите на Комората од особено значење за регионот за чие подрачје е организирана.

Членовите на Стопанската комора на Македонија се поврзуваат и учествуваат во вршењето на коморските задачи и активности и користењето на деловно-стручните услуги од нивен интерес во регионалната комора организирана за подрачјето во кое е седиштето на членот на Комората.

Во рамките на Стопанската комора на Македонија се организираат следните регионални комори: Берово, Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Скопје, Струмица, Тетово и Штип.

### Член 2

(1) Регионалната комора со седиште во Берово се организира за членовите на Комората од општините:

-Берово
-Делчево
-Пехчево

(2) Регионалната комора со седиште во Битола се организира за членовите на Комората од општините:

-Битола
-Ресен
-Демир Хисар

-Новаци
-Могила

(3) Регионалната комора со седиште во Велес се организира за членовите на Комората од општините:

-Велес
-Росоман
-Неготино
-Кавадарци
-Демир Капија

(4) Регионалната комора со седиште во Гевгелија се организира за членовите на Комората од општините:

-Гевгелија
-Валандово
-Богданци

(5) Регионалната комора со седиште во Гостивар се организира за членовите на Комората од општините:

-Гостивар
-Маврово и Ростуша

(6) Регионалната комора со седиште во Дебар се организира за членовите на Комората од општините:

-Дебар
-Центар Жупа

(7) Регионалната комора со седиште во Кичево се организира за членовите на Комората од општините:

-Кичево
-Зајас
-Осломеј
-Вранештица
-Пласница
-Македонски Брод

(8)Регионалната комора со седиште во Кочани се организира за членовите на Комората од општините:

-Кочани
-Чешиново
-Зрновци
-Виница

(9) Регионалната комора со седиште во Куманово се организира за членовите на Комората од општините:

-Куманово
-Крива Паланка
-Ранковце
-Старо Нагоричане
-Кратово
-Липково

(10) Регионалната комора со седиште во Охрид се организира за членовите на Комората од општините:

-Охрид
-Струга
-Вевчани

(11) Регионалната комора со седиште во Прилеп се организира за членовите на Комората од општините:

-Прилеп
-Крушево
-Долнени
-Кривогаштани

(12) Регионалната комора со седиште во Скопје се организира за членовите на Комората од општините:

-Центар
-Карпош
-Гази Баба
-Чаир
-Шуто Оризари
-Кисела Вода
-Аеродром
-Ѓорче Петров
-Чучер-Сандево
-Сарај
-Сопиште
-Студеничани
-Зелениково
-Петровец
-Илинден
-Арачиново

(13) Регионалната комора со седиште во Струмица се организира за членовите на Комората од општините:

-Струмица
-Радовиш

-Василево
-Босилово
-Ново Село
-Конче

(14) Регионалната комора со седиште во Тетово се организира за членовите на Комората од општините:

-Тетово
-Јегуновце
-Вратница
-Теарце
- Брвеница

(15) Регионалната комора со седиште во Штип се организира за членовите на Комората од општините:

-Штип
-Свети Николе
-Лозово
-Пробиштип
-Карбинци

**Член 3**

Заради остварување на нивните специфични интереси во одредено подрачје во рамките на подрачјето на регионалните комори, членовите на Комората од тоа подрачје може да се организираат и да дејствуваат и преку одбори, секции и други форми на организирање и работење.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за територијално организирање на членовите на Стопанската комора на Македонија во регионални комори бр. 08-5312/6 од 18.12.1996 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр. 07-256/4
28.01.2005 гоидна
С к о п ј е

Претседавач,
Светозар Јаневски с.р.

## О б р а з л о ж е н и е

Одлуката за организирање на регионални комори во рамките на Стопанската комора на Македонија е неопходно да се донесе во почетната фаза на усогласувањето на организацијата и работата на Стопанската комора на Македонија со одредбите на Законот за Стопанската комора на Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 89/2004), со оглед дека, според одредбите на Законот и сегашниот Статут на Комората, Статутот на Комората, Годишната програма за работа, Финансискиот план и другите акти со кои се уредува организацијата и работењето на Комората, односно се врши услогласувањето со новиот Закон, ги донесува Собранието на Комората, чии членови ги избираат здруженијата по дејности и регионалните комори.

Тоа подразбира дека пред конституирањето на новиот состав на Собранието на Комората треба да се изврши конституирање на новите состави на здруженијата според дејности и на регионалните комори, а потоа тие да извршат и избор на претходно утврден број нивни претставници (членови) во Собранието на Комората.

При утврдувањето на бројот на регионалните комори се тргна од досегашното искуство на функционирањето на овој вид облик на организирање и работење и од согледувањата и мислењата за потребниот број на регионални комори, преку чие функционирање ќе се обезбеди децентрализација на коморските задачи и активности и самостојно одлучување за работите и задачите на Комората од особено значење за регионот за чие подрачје е организоирана, како и од материјално-финансиските можности за нивно функционирање според европските искуства во работењето на регионалните комори. Имајќи ја предвид законската и статутарната можност, во одлуката се утврдува можноста дел од членовите во рамките на секоја регионална комора да се организираат и во специфични форми на организирање и работење за членовите на комората од потесно подрачје, односно интерес.

Треба да се има предвид и фактот дека со Статутот на Комората што треба да го донесе Собранието на Комората во новиот состав ќе бидат регулирани организацијата, начинот на работењето, раководењето и изборот на органите на регионалните комори во рамките на Комората, што подразбира дека при евентуални оценки за потреба од промена на бројот на регионални комори, истото може да се изврши и дополнително.